С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 3 година XLIV

04 март 2010

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Новогард, Република Полска

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Новогард, Република Полска, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/1
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 01.03.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за збратимување на Општина Велес со Општина Новогард, Република Полска

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес, Република Македонија, се збратимува со Општина Новогард, Република Полска.

Член 2

Се воспоставуваат релации на соработка со Општина Новогард, Република Полска во областа на образованието, културната размена, локалниот економски развој, трговската размена и сите други области од надлежност на општините, во интерес на граѓаните на двете општини.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука и одлуката на Советот на Општина Новогард, Градоначалникот на Општина Велес и Градоначалникот на Општина Новогард ќе потпишат Договор за збратимување и взаемна соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/2
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на териротијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес

ја донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/2
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	16	КП 14019, КП 16930, КП 16926, КП 16927, КП 16928, КП 14020 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Јованов Горан и Јованов Богдан	самоинвестирање
2	17	КП 775 КО Башино Село	Вон населено место	Брезев Оливер	самоинвестирање
3	18	КП 1594/1 КО Башино Село	Вон населено место	Дачо Комерц-95 ДООЕЛ Велес	самоинвестирање
4	19	КП 1618/2 КП 1618/4 КО Башино Село	Вон населено место	Дачо комерц-95 ДООЕЛ Велес	самоинвестирање
5	20	КП 15415 КО Велес	Вон населено место	Вановска Силвана	самоинвестирање
6	21	КП 5204 КП 5205 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Митревски Венко	самоинвестирање
7	22	КП 1894 КП 10375/2 КП 10316 КП 1893/11 КО Велес ГП 1.31	ДУП дел од централно градско подрачје М.З. "Трајко Панов" -Велес (2007-2012)	Сопственици на мали комерцијални деловни единици	самоинвестирање

8	23	КП 1901/30 КО Велес ГП 1.09	ДУП дел од централно градско подрачје М.З. "Трајко Панов" -Велес (2007-2012)	"Трго-шпед" ДООЕЛ Велес	самоинвестирање
9	24	КП 1901/31 КО Велес ГП 1.10	ДУП дел од централно градско подрачје М.З. "Трајко Панов" -Велес (2007-2012)	"Трго-шпед" ДООЕЛ Велес	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-970/3
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

26.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште (Основно музичко училиште)

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште (Основно музичко училиште), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/3
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно глава V од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.17/09),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Член 1

Општина Велес е сопственик на објект кој се наоѓа на КП 2168 за КО Велес на улица “Благој Нечев” бр.8 во Велес во кој како корисник е сместено ООМУ „Киро Димов“ Велес.

За објектот од ставот 1 од Општина Велес е поднесено барање за издавање на одобрение за доградба и покривање на рамен кров.

За издавање на одобрението за градење Општина Велес се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 24.559,оо денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/4
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

27.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/4
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно Извештајот за извршениот годишен попис на основни средства и ситен инвентар за 2008 година бр.01-530/1 од 05.02.2010 година изготвен од Комисијата за вршење попис на основните средства и ситен инвентар,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес, евидентирани во Буџетот на Општина Велес за 2009 година.

Член 2

Отписот и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење попис на основните средства и ситен инвентар за 2009 година, поради нивна дотраеност и неупотребливост.

Член 3

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства и ситен инвентар се утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука и нивната вкупна книговодствена вредност е во висина од 89.028.00 денари.

Член 4

Отпишувањето и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија составена од 5 (пет) члена, која на предлог на Градоначалникот ќе ја формира Советот на Општина Велес.

Член 5

Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување.

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 6

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства и ситен инвентар од Буџетот на Општина Велес, а ќе ја спроведе Одделението за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-970/5
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

28.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/5
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

1. За претседател на Комисијата за вршење на отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес се именува:

-Јовче Митковски вработен во Општина Велес

2. За членови на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес се именуваат:

-Душан Крстевски и

-Горан Чучуковски , вработени во Општина Велес

-Панче Иванов и

- Марина Мијајлевска , членови на Советот на Општина Велес

3.Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување, согласно предлогот на пописната комисија.

4.Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства и ситен инвентар (истите да се отуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).

5. За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

6. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-970/6
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

29.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/6
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/7
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

30.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/7
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/8
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

31.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за усвојување План за воспоставување систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци

Се објавува Заклучокот за усвојување План за воспоставување систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/8
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 45 од став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес”

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 01.03.2010 донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување План за воспоставување систем на технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци

1. Советот на Општина Велес донесе План за воспоставување систем на технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број: 07-970/9
02.03.2010
Велес

ПРЕТСАЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09), Советот на Општина Велес на ден 01.03.2010 година, донесе

П Л А Н
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

I. Цел на планот

Со овој План се предвидува воспоставување соодветен систем за технички и организациски мерки што Општина Велес, во својство на контролор, ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси.

II. Обработка на лични податоци

Според Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес и нејзината организациска поставеност, во Општина Велес се врши обработка на следните лични податоци:

1. Сектор за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи
-име и презиме
-број на лична карта
-матичен број
-адреса
-број на трансакциска сметка
-социјален статус

2.Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина
-име и презиме
-адреса
-матичен број
-имотен лист
-катастарски лист кој содржи лични податоци, но неговото издавање и обработка не е во надлежност на Општина Велес.

3.Одделение за човечки ресурси
-име и презиме
-број на лична карта
-матичен број
-адреса
-број на трансакциска сметка
-износ на месечни приходи
-Здравствена состојба на вработениот

III.Нивоа на технички и организациски мерки

На сите документи во Општина Велес задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во три нивоа:

-основно ниво,
-средно ниво и
-високо ниво.

IV. Документација за технички и организациски мерки

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Велес се состои од:

-Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;

-Правила за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема;

-Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;

-Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;

-Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на општината;

-Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци;

-Упатство за начинот на водење евиденција за личните податоци кои се дадени на користење.

Вработените и ангажираните лица во Општина Велес се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

Одговорното лице за заштита на личните податоци во Општина Велес врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на старите од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

V. Периодични контроли

Одговорното лице за заштита на личните податоци во Општина Велес најмалку еднаш месечно ги врши следните контроли и за тоа изготвува извештај:

-Контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,

-Контрола на евиденција за секој авторизиран/неавторизиран пристап до информацискиот систем,

-Контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми на идентификација,

-Контрола на начинот за пристап на вработените и ангажираните лица во општината до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронска пошта и други извори,

-Контрола на уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,

-Контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци,

-Контрола на примената на принципот „чисто биро“,

-Контрола на писмените овластувања издадени од страна на градоначалникот на Општина Велес за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Велес,

-Контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Општина Велес.

-Контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци

-Контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку персоналните компјутери,

-Контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,

-Контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите,

VI. Завршни одредби

Овој План влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/9
02.03.2010
Велес

ПРЕТСАЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

32.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за извршените работи и задачи на Полициската станица Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за извршените работи и задачи на Полициската станица Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/9
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за извршените работи и задачи на Полициската станица Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за извршените работи и задачи на Полициската станаица Велес за 2009 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/10
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

33.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за состојбата со високата вегетација во Градскиот парк

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за состојбата со високата вегетација во Градскиот парк, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/10
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за состојбата со високата вегетација во Градскиот парк

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за состојбата со високата вегетација во Градскиот парк.
2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/11
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

34.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за потпишаниот договор на ЈКП „Дервен“ со ЈП „Лисиче“-Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за потпишаниот договор на ЈКП „Дервен“ со ЈП „Лисиче“ - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 01.03.2010 година.

Број 08-1027/11
04.03.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 01.03.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за потпишаниот договор на ЈКП „Дервен“ со ЈП „Лисиче“ - Велес

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за потпишаниот договор на ЈКП „Дервен“ со ЈП „Лисиче“ - Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-970/12
02.03.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

24	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Новогард, Република Полска** **ОДЛУКА за збратимување на Општина Велес со Општина Новогард, Република Полска**	**31**
25	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на териротијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	**31**
26	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште (Основно музичко училиште)** **ОДЛУКА за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**	**33**
27	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес** **О Д Л У К А за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**	**34**
28	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**	**35**
29	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2009 година**	**36**
30	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2009 година**	**36**

Бр на акт **Страница**

31	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување План за воспоставување систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци**	37
	З А К Л У Ч О К за донесување План за воспоставување систем на технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци	
32	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за извршените работи и задачи на Полициската станица Велес за 2009 година**	39
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за извршените работи и задачи на Полициската станица Велес за 2009 година	
33	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за состојбата со високата вегетација во Градскиот парк**	39
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за состојбата со високата вегетација во Градскиот парк	
34	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за потпишаниот договор на ЈКП „Дервен“ со ЈП „Лисиче“-Велес**	40
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за потпишаниот договор на ЈКП „Дервен“ со ЈП „Лисиче“ - Велес	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00